ВИТА ВЕТ ДОО

Elanco™

# Дали сте слушнале?

Постои едноставен начин за лечење на otitis externa.




**САМО ЗА СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ**

**Погодност и сигурност во една доза – која ја давате Вие.**

Анти-бактериско дејство (Флорфеникол)

Анти-инфламаторно дејство (Мометазон фуроат)

Анти-фунгално дејство (Тербинафин хидрохлорид)

NEPTRA®




*во заболено уво

Neptra® е индицирана за третман на акутно воспаление на надворешниот ушен канал или акутни егзацербации кај рекурентното воспаление на увото кај кучиња, предизвикани од мешана инфекција со бактериски соеви осетливи на флорфеникол *(Staphylococcus pseudintermedius)* и габички осетливи на тербинафин *(Malassezia pachydermatis)*.[1]

ELNEVD2405MC_Elanco_Neptra_Vet_detailer_MC_v03.indd 1 2024. 08. 12. 14:50:26

# Третманот на otitis externa може да претставува вистински предизвик[2]

**Otitis externa е често пореметување кое се јавува кај 10% до 20% кучиња. Иако не го загрозува животот на кучињата, Otitis externa го намалува квалитетот на животот на заболените пациенти.**

**Неуспешното лечење на воспалението на надворешниот ушен канал често резултира со болка, воспаление и инфекција кои се повторуваат и на крајот преминуваат во хронична фаза. Успешното лечење на воспалението на надворешниот ушен канал кај ветеринарните пациенти бара детално разбирање на мултифакторијалната патогенеза на пореметувањето.[2]**

Од сопствениците на кучиња често се бара дома сами да го аплицираат лекот на кучето. Повеќекратната апликација на лекот може да биде стресна за кучето, а често и неправилна.



# Neptra® – третман на otitis externa, со еднократна апликација[1,*]

**Ново во Македонија**

Neptra®, капки за уши, индицирани за третман на акутно воспаление на надворешниот ушен канал кои се **применуваат еднократно.**



## Погодно за ветеринари.

**Една доза од 1 ml** се аплицира еднократно во заболеното уво.

## Погодно за сопствениците**

**Сопствениците не мора повеќе да се мачат со повеќекратни апликации на лекот дома.**

## Погодно за кучиња.

Со еднократната употреба се **намалува стресот** кај кучињата предизвикан од повеќекратни третмани.

***Содржи флорфеникол[1], антибиотик од прва линија за локално лечење на воспаление на надворешниот ушен канал[4]***

*во заболено уво

**Се препорачува овој ветеринарен лек да го применува исклучиво ветеринар или да се применува под негов непосреден надзор.

# Neptra® – Адекватна комбинација[1]

Neptra® капките за уши се индицирани за лечење на акутно воспаление на надворешниот ушен канал или акутни егзацербации кај рекурентното воспаление на ушниот канал кај кучиња, предизвикани од мешана инфекција со бактериски соеви осетливи на флорфеникол *(Staphylococcus pseudintermedius)* и габички осетливи на тербинафин *(Malassezia pachydermatis).* Овој ветеринарен лек е фиксна комбинација од **три активни супстанции** (кортикостероид, антифунгален лек и антибиотик).



## Антибактериско дејство.

### Флорфеникол

- Бактериостатски антибиотик од прва линија за топикален третман на воспалението на надворешниот ушен канал[4]
- Спектарот на дејство на овие активни супстанции ги опфаќа грам-позитивните и грам-негативните бактерии вклучувајќи ја и *Staphylococcus pseudintermedius*.



## Антифунгално дејство.

### Тербинафин-хидрохлорид

- Изразено фунгицидно дејство
- Селективно ја инхибира раната синтеза на ергостеролот, клучната компонента на мембраните на квасците и габичките вклучувајќи ја и *Malassezia pachydermatis*.

## Антиинфламаторно дејство.

### Мометазон фуроат

- Високо потентен кортикостероид
- Антиинфламаторни и антипруритусни својства





# Докажана ефикасност во само една доза[5]

Целта на истражувањето е да се процени ефикасноста и безбедносниот профил на комбинацијата од флорфеникол, тербинафин и мометазон (Neptra®) и да се спореди со лек на база на орбифлоксацин, мометазонфуроат и посаконазол во лечењето на акутното воспаление на надворешниот ушен канал.[5]

- **Долготрајна ефикасност – континуирано клиничко подобрување до 28. ден[5]**

## План на истражувањето[5]

Во истражувањето споредена е една доза капки за уши Neptra® со капки за уши чија комбинација се активните супстанции: орбифлоксацин, мометазонфуроат и посаконазол кои се даваат еднаш дневно во тек на седум дена.

**Успех на третманот од 87,4% 28. ден[5]**




| | |
|---|---|
| **Neptra® една доза (1 ml)** | ▲ (ден 0) |
| **Орбифлоксацин, мометазонфуроат и посаконазол, еднаш дневно во тек на 7 дена** | ▲ ▲ ▲ ▲ ▲ ▲ ▲ |

| **Проценка на ветеринарот** | ден 0 | ден 7 | ден 14 | ден 28 |
|---|---|---|---|---|
| | ☐ Вкупен клинички резултат* ☐ Физичка проверка ☐ Цитолошки наод на увото | ☐ Вкупен клинички резултат ☐ Физичка проверка | ☐ Вкупен клинички резултат ☐ Физичка проверка ☐ Цитолошки наод на увото | ☐ Вкупен клинички резултат ☐ Физичка проверка ☐ Цитолошки наод на увото |

(Графикон прилагоден на референцата бр. 5)

## Клиничка проценка на успешноста[5]

| **Проценети критериуми 28. ден** | **Neptra®** N=135 една доза | **Орбифлоксацин, мометазонфуроат и посаконазол** N = 127 еднаш дневно во тек на 7 дена |
|---|---|---|
| **Клиничка проценка на успешноста во %*** (намалување на вкупниот клинички резултат на 8≤ 3) | **87.4** | **79.5** |
| **Клиничка проценка на рецидивите во %** (вкупен клинички резултат ≥ 5) | **2.2** | **3.1** |
| **Процена на успехот на лечењето од страна на испитувачот во %** (добар и одличен) | **75.5** | **60.6** |

* Клиничка проценка на успешноста = намалување на вкупниот клинички резултат на ≤ 3) **вкупен клинички резултат пресметан на основа на присуство на еритем, улцерација, едем и ексудат

NEPTRA®

# Ви дава доверба, контрола и погодност при употребата[1]

## Довербливост

- Ефикасност со само една доза
- Содржи флорфеникол, **антибиотик од прва линија** за топикален третман на воспалението на надворешниот ушен канал[4]

## Контрола

- Ветеринарниот лек **го применува исклучиво ветеринарот**
- Нема потреба сопственикот да го аплицира лекот

## Погоден за употреба

- **Една доза од 1 ml** по инфицирано уво

  **Да се чува во оригиналното пакување на температура до 25 °C**



ВИТА ВЕТ ДОО

# Само една доза.[1,*]






*во заболено уво

**Neptra® капки за уши, раствор; за кучиња; Активни супстанции:** Флорфеникол: 16,7 mg,Тербинафин-хидрохлорид: 16,7 mg, што одговара на тербинафинска база: 14,9 mg, Мометазонфуроат: 2,2 mg **Индикации:** За лечење на акутно воспаление на надворешниот ушен канал или акутни егзацербации кај рекурентното воспаление на увото кај кучиња, предизвикани од мешани инфекции со бактериски соеви осетливи на флорфеникол *(Staphylococcus pseudintermedius)* и габички осетливи на тербинафин *(Malassezia pachydermatis)*. **Контраиндикации:** Да не се применува во случај на преосетливост на активните супстанции, други кортикостероиди или на било која помошна супстанција. Да не се применува во случај на перфорација на мембраната на ушното тапанче. Да не се применува кај кучиња со генерализирана демодикоза. Да не се применува кај гравидни женки или расплодни животни. **Посебни предупредувања и мерки на претпазливост при примена на препаратот:** Пред употреба детално да се прочита кратката содржина за особините на препаратот. **Несакани реакции:** При спонтаното пријавување (фармаковигеланца) многу ретко се пријавени вокализација, тресење со главата и болка на местото на примена непосредно по аплицирањето на препаратот. Во текот на спонтаното пријавување (фармаковигеланца), многу ретко се пријавени атаксија, пореметувања во внатрешното уво, нистагмус, повраќање, еритем на местото на примена, хиперактивност, анорексија и воспаление на местото на примена. **Примена во тек на гравидитет и лактација:** Не е докажана безбедноста при примена на овој ветеринарен препарат во тек на гравидитет и лактација. Да не се применува во период на гравидитет и лактација. **Дозирање и начин на примена:** Аурикуларна примена. Еднократна примена. Препорачаната доза е 1 еднодозно пакување (т.е. 1 mL раствор) по инфицирано уво. Максималниот клинички одговор не мора да биде видлив до 28 дена по примената. Пред употреба пипетата добро да се протресе во траење од 5 секунди. Пред примена на препаратот да се исчисти и исуши надворешниот ушен канал. Да се отстрани капачето додека го држите еднодозното пакување во исправена положба. Да се искористи врвниот дел на капачето за да се пробуши запечатената пипета и потоа да се отстрани капачето од еднодозното пакување. Завртете го апликаторот на еднодозното пакување. Внесете го апликаторот во инфицираниот ушен канал и истиснете ја целата содржина во увото. Благо масирајте ја базата на увото 30 секунди за да се обезбеди дистрибуција на растворот. Држете ја главата на кучето 2 минути за да се спречи тресење.
**Фармакотерапевтска група:** комбинација на кортикостероиди и антиинфективи.
**Напомена:** Пред препишување на лекот да се проучи комплетниот текст од одобрениот збирен извештај на особините на препаратот БРОЈ И ДАТУМ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ: 16-712 од 05.03.2024; НОСИТЕЛ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ: ВИТА ВЕТ ДОО, ул. Тајмишка, бр. 32, Скопје; ДАТУМ НА ПОСЛЕДНА РЕВИЗИЈА НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСОБИНИТЕ НА ПРЕПАРАТОТ: 05.03.2024; НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ: Се издава во ветеринарна аптека само на рецепт. Reference: 1. Sažetak karakteristika leka Neptra® 2. John C. Angus, 2004, Otic cytology in health and disease, The veterinary Clinics Small Animal Practice 34, 411–424 3. Dog Owner Compliance Evaluation, June 2019, n=2000 dog owners from FR/IT/ES/DE/ NL/BE/UK/AU 4. Sue Paterson, 2018. The use of antibiotics and antimycotics in otitis. UK Vet Companion Animal, (23), 11, 608-613 5. Fitzgerald R. Proceedings of the British Veterinary Dermatology Study Group Spring Meeting. 2021: 73-74 Neptra, Elanco и дијагоналната лента се заштитни знаци на компанијата Elanco или на неговите филијали. © 2024 Elanco. PM-MK-24-0016

# Само **една** доза.[1,*]

**NEPTRA®**

**Погодност и доверливост во една доза – која ја давате Вие.**

*во заболено уво

ВИТА ВЕТ ДОО

Elanco™

ELNEVD2405MC_Elanco_Neptra_Vet_detailer_MC_v03.indd 8 2024. 08. 12. 14:50:41